DS Smith

ДС СМИТХ
АД Скопје
Бр. 03-3220
27.08 2020 год.

**Амбалажа**

Ул. 1632 бр. 1; 1040 Скопје, Гази Баба

Тел: ++389 2/2551 081; 2551 082
Факс: ++389 2/2551 069; 2551 079; 2551 080

www.dssmith.com

**Рециклирање**

Ул. 1632 бр. 1; 1040 Скопје, Гази Баба

Тел: ++389 2/3223 138

www.dssmith.com

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 30.06.2020 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 36.542 илјади денари.

Во првите шест месеци од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 378.516 илјади денари, кој во однос на 2019 е намален за 11%. Намалувањето на приходите пред се должи на состојбата со сметката здраствена криза, како и поради запирање на оперативните активности од 1 Мај 2020 година со работа со отпадната хартија. Друштвото по здраствената светска криза COVID-19, веднаш пристапи кон нова стратегија и ги ревидираше финансиските планови за тековната година. Со ревидираните планови се одржува континуитет како на домашен така и на странските пазари.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 339.770 илјади денари, кои во однос на 2019 се намалени за 19%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Намалени трошоци на суровините и материјалите 29%, остварено преку оптимизација со работа со суровина со поголема димензија како и пониска цена на основната суровина хартија;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се одржуваат на исто ниво од минатата година и покрај потешкотиите особено во транспорт на странските пазари;
- Поради состојбата со COVID – 19 Друштвото предпазливо пристапи кон вредносно усогласување на средствата со нивно резервирање;
- Зголемени трошоци за вработените поради затварање на оператививните активности со отпадната хартија;
- Зголемување на амортизација од 10% поради зголемување на вредноста на основните средства (инвестицијата од минатата година).